Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-474/3
02-10-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 474 од 23.8.2023 година, поднесена од [redacted] од Тетово против Јавно претпријатие Билјанини извори- Охрид, за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 2.10.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-474/1 од 23.8.2023 година, поднесена од [redacted] од Тетово против Јавно претпријатие Билјанини извори- Охрид, за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на пристап до добра и услуги **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 23.8.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Тетово против Јавно претпријатие Билјанини извори- Охрид, за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на пристап до добра.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис, односно факти и околности за тврдењето за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на ден 24.8.2023 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ги наведе релевантните факти и околности, како и докази кои ги поткрепуваат изнесените наводи.

Претставката не беше доуредена во предвидениот законски рок од страна на подносителот и следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката заради неуредност.

Скопје
2.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]